## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекцискиот надзор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година

Бр. 08-361/1 Претседател

15 јануари 2018 на Република Македонија,

Д-р Ѓорѓе Иванов, с.р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

### Член 1

Во Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16), во член 16 став (11) алинејата 4 се менува, и гласи:

„ - поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

1) ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

2) ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

3) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

4) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

5) БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

6) АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и“

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со точка.

Алинејата 6 се брише.

Во ставот 13 алинејата 3 се менува и гласи:

„ - поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

1) ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

2) ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

3) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

4) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

5) БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

6) АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и“

Во алинејата 4 сврзникот „и“ се заменува со точка.

Алинејата 5 се брише.

Ставовите (14) и (15) се бришат.

Ставовите (16) и (17) стануваат ставови (14) и (15).

**Член 2**

Во членот 18 став (4) алинејата 3 се менува и гласи:

„-поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење“

Алинејата 4 се брише.

**Член 3**

Одредбите од член 1 од овој закон со кои се менува член 16 став (11) алинеја 4 и став (13) алинеја 3, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

### Член 4

Претседателот и членовите на инспекцискиот совет кои се избрани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивниот избор.

На претседателот и членовите на инспекцискиот совет кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во став (1) на овој член им престанува мандатот.

### Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.